| ТЕМАТСКО ПЛАНИРАЊЕ АНГЛИСКИ ЈАЗИК ЗА ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ - УЧЕБНИК SUPER MINDS 5 -НАСТАВНА ЦЕЛИНА 6 | |
|---|---|
| Тема: Unit 6 People 12 часа | **Време за реализација**: март 2026 |
| Изготвиле: | од ОУ: |
| Адаптирале: | од ОУ: |

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови** | **активности** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Граматички структури:**<br><br>наставки за множина: -*s (plates)*, *-es (glasses)*, -*ves (knives)*, *-ies (cookies)* | Применува правописни правила за да напише зборови во множина користејќи различни наставки. | 1/67 | ***Главни активности***<br>Наставникот ги претставува зборовите за делови од лицето и применува правописни правила за да напише зборови во множина користејќи различни наставки, така што ги користи флеш-картичките и истовремено покажува на соодветниот дел од своето лице, го изговара зборот за учениците да го повторат додека покажуваат на својот лик, го повторува ова три до четири пати, потоа ги подига картичките за учениците хорово да ги изговорат зборовите и конечно ги лепи картичките на таблата, извлекувајќи ги зборовите по случаен редослед. | - Учебник<br>- Наставнички прирачник<br>- Табла (обична или бела табла)<br>- Фломастери / креда<br>- Проектор / интерактивна табла<br>- Флеш-картички (flashcards) | -изработка на картичка (картички со слика)<br><br>-чек листа |
| **Јазични функции:**<br><br>искажување здравствени и физиолошки состојби | Опишува писмено и/или усно нечија здравствена или физиолошка состојба користејќи описни придавки, именки и најчесто употребувани колокации. | 1/68 | ***Главни активности***<br>Наставникот ги претставува придавките за емоции така што користи едноставни цртежи на таблата и сопствени мимики за да ги претстави чувствата. Го црта лицето, ја мимира емоцијата, вели „I'm happy“ и го пишува *happy* под насмеаното лице на таблата. Истото го повторува и за другите емоции. Потоа посочува кон секое лице за учениците да го повторат зборот и да ја изведат мимиката. | **Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни).Наставнички прирачник. Табла (обична или бела табла) Фломастери / креда | -Усни /писмени одговори (активно учество на час<br>**-** изработка на вежба) |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Јазични функции:**<br><br><br>опишување временски состојби.<br><br>временски прилики: *sun, clouds, rain, wind, snow* | Зборува за времето и временските (не)прилики/карактеристики.<br>● Пишува кус извештај за временската состојба. | 1/69 | ***Главни активности***<br>Наставникот вежба пишување по модел така што запишува реченица од песната каде што се користи *so*, на пример: Sometimes I'm tired, so I go to sleep. Потоа од учениците ја изведува другата реченица со *so* од песната и ја запишува на таблата поврзувајќи ги временските состојби на сликите. Се читаат двата примери од Активност 2 каде што се употребува *so*. Наставникот ги поттикнува учениците да размислат што прават кога се лути, уморни или возбудени. Потоа учениците ги довршуваат недовршените реченици во своите тетратки. Наставникот се движи низ училницата, помага со вокабулар каде што е потребно, и на крај го проверува пишувањето на учениците, давајќи повратни информации по потреба. | Флеш-картички flashcards<br><br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | Се набљудува дали учениците препознаваат и опишуваат свои примери. |
| **Лексички единици:**<br><br><br>месеци*: January, February, March, April, May, June, July, August, September, October, November, December* | Опишува секојдневни активности и дејства кои се случуваат во моментот на зборување користејќи новоусвоени описни придавки, изрази за време, месеци, датум и час. | 1/70 | ***Главни активности***<br><br>Презентирање на месеците во годината преку извлекување на датата, редоследот на месеците и активирање на претходно знаење кај учениците. Наставникот ги вежба редоследот на месеците во годината така што ја пушта снимката, а учениците ја следат песничката во својот учебник (за текстот на песничката, види SB стр. 73). Потоа ја пушта снимката повторно за учениците да се приклучат, а кога учениците ќе ја научат песничката, ја практикуваат со целото одделение. | Тетратки и пенкала/моливи<br><br>Флеш-картички flashcards<br><br>**Аудио уред или звучник** | Усна проверка<br><br><br>Чек-листа со емоции |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Интеркултурни содржини:**<br><br>учтивост како карактеристична британска социјална етика/норма | Разликува учтива од неучтива комуникација според британски стандарди. | 1/71 | ***Главни активности***<br>Учениците ги споредуваат своите идеи во парови, а наставникот ги извлекува одговорите од целото одделение. Наставникот ги демонстрира игрите и прашува дали учениците некогаш ги играле. Потоа го пушта видеото повторно, со паузи за проверка на разбирањето. Наставникот прашува: *„Do Thunder, Flash and Misty win medals?“* и разговара со класот за важноста на тоа да се биде добар губитник, објаснувајќи дека е важно да се размислува зошто си изгубил и дека секогаш можеш да станеш подобар, како и дека е клучно да се прифати поразот и да се продолжи понатаму. Потоа наставникот ја пушта аудиоснимката и учениците слушаат и повторуваат и разликуваат учтива од неучтива комуникација според британски стандарди. | табла со маркер, тетратки на учениците, устен диктат или флеш-картички (по избор)<br>**Аудио уред или звучник** | **Наставникот** набљудува дали учениците:<br>• ги препознаваат ликовите,<br>• ги именуваат супермоќите,<br>• покажуваат разбирање на приказната. |
| **Граматички структури:**<br><br>модални глаголи за изразување дозвола/барање и (не)умешност (*can/can't*) | Составува прашални, потврдни и одречни реченици со модалниот глагол *CAN/CAN'T*. | 1/72 | ***Главни активности***<br>Наставникот користи текстот од SB стр. 131. Реченицата се повторува со целото одделение без аудиоснимката, изговарајќи ја гласно, бавно, брзо или шепотејќи. Учениците по ред се менуваат и ја повторуваат реченицата во парови. Наставникот го пишува зборот **cake** на таблата под *play* и *tail* за да покаже алтернативен правопис на звукот /eɪ/. Составуваат прашални, потврдни и одречни реченици со модалниот глагол *CAN/CAN'T*. | Аудио-снимка од приказната<br><br>Учебници на учениците | - Го следи разбирањето и вклученоста на учениците во активноста. |
| **Граматички структури:** | Составува потврдни | 1/73 | ***Главни активности***<br>Наставникот ги вежба вештините за читање | Табла и маркер/креда **–** **Аудио уред или** | **Усни излагања:** со повратна |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| сложена глаголска конструкција (*would like + to infinitive*) | реченици кои ја содржат сложената глаголска конструкција *would like + to infinitive* за да искаже желба. Поврзува 2 до 3 реченици во мисловна целина за да напише повик/покана | | за специфични информации (скенирање) и идентификација така што претходно го објаснува зборот *invitation*, прави мозочна мапа за информациите што се потребни на една покана (место, датум, време), проверува дали учениците знаат што треба да направат, учениците ги читаат поканите тивко и ја утврдуваат информацијата што недостасува, потоа проверуваат во парови повторно читајќи тивко ако е потребно, и на крај наставникот ги проверува одговорите со класот. | **звучник**<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | информација.<br><br>**Писмена проверка:** на белешки и текстови.<br><br>**-** |
| **Граматички структури:**<br><br>кратки и долги форми на глаголот *have got ('ve got, has got/'s got, haven't got, hasn't got)* | Применува соодветна форма на глаголот *have got* во прашални, потврдни и одречни реченици. | 1/74 | ***Главни активности***<br>Наставникот ги вежба говорните и слушачките вештини со играта „Draw a clown face". Учениците добиваат хартија и цртаат лице на кловн, користејќи ги примерите од учебникот како модел, без да ги покажуваат цртежите на другите. Ги обојуваат своите кловнови и потоа се делат во групи од четири до шест ученици. Цртежите се ставаат со лицето надолу пред нив и се мешаат за да не знаат чиј е кој. Потоа ги свртуваат цртежите и, користејќи ги прашањата од говорните балони како водич, учениците прашуваат и одговараат за да откријат чиј е секој цртеж.<br>Применуваат соодветна форма на глаголот *have got* во прашални, потврдни и одречни реченици. | Табла и маркер/креда **– Аудио уред или звучник** Флеш-картички Учебник (SB – Student's Book) Тетратки и пенкала/моливи | **Усни излагања:** со повратна информација.<br><br>**Писмена проверка:** на белешки и текстови |
| **Лексички единици:**<br><br>професии: *driver, teacher, waiter/waitress,* | Опишува луѓе, места, предмети и настани користејќи описни еднosложни и двосложни придавки. | 1/75 | ***Главни активности***<br>Наставникот чита текст и бара поврзување на музејските етикети со портретите, објаснува *label*, а учениците читаат, споредуваат и опишуваат луѓе, места, предмети и настани користејќи описни | Табла и маркер/креда **– Аудио уред или звучник**<br><br>Флеш-картички<br>Учебник (SB – Student's | **Усни излагања:** со повратна информација.<br><br>**Писмена проверка:** на белешки и |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *firefighter, policeman/policewoman (police person) postman, farmer, bus driver, nurse, DJ, artist, baker, taxi-driver* | | | едносложни и двосложни придавки. Наставникот ги чита модел-репликите и организира работа во парови, а учениците даваат мислења со *I think…* за чувствата на луѓето на портретите и ги опишуваат користејќи едносложни и двосложни придавки, како и именување или претпоставување професии. | Book) Тетратки и пенкала/моливи<br><br>- | текстови.<br><br>- |
| **Лексички единици:**<br><br>колокации: *fight crime, deliver letters and packages, drive a bus, fly aeroplanes, grow vegetables, make bread, teach students, go along, turn left/right* | Набројува делови од екосистемот Пишува едноставни реченици користејќи ги новоусвоените колокации и лексички единици. | 1/76 | ***Главни активности***<br>Наставникот им објаснува дека ќе изработат портрет на личност што ја сакаат, ги насочува да изберат стил (painting, drawing, collage или photo) и ги потсетува да одлучат кого ќе портретираат и каква емоција ќе прикажат (happy, excited, scared, angry, sad, tired) а и какава професија, а учениците избираат стил, личност ,емоција и професија применувајќи го наученото за портрети и опишување со едноставни и двосложни придавки. Пишуваат едноставни реченици користејќи ги новоусвоените колокации и лексички единици. | Табла и маркер/креда – **Аудио уред или звучник**<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **Усни излагања:** со повратна информација.<br><br>**Писмена проверка:** на белешки и текстови. |
| **Јазични функции:**<br><br>неформален секојдневен разговор, отпоздравување и иницирање дијалог | Употребува формални и неформални поздрави и едноставни прашања за отпочнување секојдневен дијалог/разговор | 1/77 | ***Главни активности***<br>Наставникот им дава насока на учениците да создадат своја нова верзија од приказната и да вежбаат давања инструкции, чита пример од учебникот и ги насочува кон изменетите зборови, ги следи додека работат, повикува волонтер да ја прочита новата приказна додека класот ја изведува, а потоа организира работа по парови каде еден ученик чита инструкции од својата приказна, а другиот ја изведува, | Табла и маркер/креда – **Аудио уред или звучник** Флеш-картички Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **Усни излагања:** со повратна информација.<br><br>**Писмена проверка:** на белешки и текстови. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | па менуваат улоги; учениците создаваат упатства и опишуваат ликови/дејства користејќи описни едносложни и двосложни придавки. | | |
| **Интеркултурни содржини:** интеркултуролошка поврзаност, како и поврзување на различни народи преку систем на комуникации, сообраќај, трговија, култура и глобализација | Споредува различни начини на комуникација (традиционални и нетрадиционални). Опишува кој е наједноставниот начин за поврзување на луѓе од различни делови на земјината топка применувајќи го новоусвоениот вокабулар | 1/78 | ***Главни активности*** Наставникот ги организира учениците да работат во парови и да напишат нов дијалог според моделот од Активност 3, ги следи додека работат, а потоа повикува волонтери да го изведат дијалогот пред класот; учениците пишуваат, ги споредуваат различните начини на комуникација (традиционални и нетрадиционални) и опишуваат кој е наједноставниот начин за поврзување на луѓе од различни делови на земјината топка, применувајќи го новоусвоениот вокабулар. | - табла со маркер, тетратки на учениците, устен диктат или флеш-картички (по избор) | Усни /писмени одговори (активно учество на час |
| Оценување на наученото | | | ***Усни/писмени одговори - 70%*** | ***Изведбени активности - 20%*** | ***Дискусија - 10%*** |



resursi.literatura.mk